Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
**од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 февруари 2025 година**

Скопје, февруари 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 февруари 2025 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео - конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 17:05 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, и Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше и Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Борко Ристовски, министер за спорт.



Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, 1000 Скопје | www.vlada.mk | info@vlada.mk

*

*       *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за  финансиски импликации и разлики на Проектот во однос на донесено решение за времена заштита на археолошкиот локалитет „Градиште“ и потенцијалните опасности од обрушувања и небезбедност на локалитетот

2. Информација за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје, со Предлог - одлука

3. Прашања и предлози

4. Информација во врска со усвојување на Годишниот план за имплементација на процесот на праведна транзиција за 2025 година, со Годишен план

5. Информација за затворање на чекорите од Реформската агенда 2024-2027, со рок за реализација 28.2.2025 (31.12.2024 г.)

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за  финансиски импликации и разлики на Проектот во однос на донесено решение за времена заштита на археолошкиот локалитет „Градиште“ и потенцијалните опасности од обрушувања и небезбедност на локалитетот и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Националната установа - Национален конзерваторски центар - Скопје да направи целосно истражување и документирање на локалитетот „Градиште“ и во најкраток можен рок да достави извештај од извршеното истражување и документирање до Управата за заштита на културно наследство.

2. Трошоците за целосното истражување, документирање и преземање неопходни мерки за спасување се на товар на инвеститорот, односно Јавното претпријатие за државни патишта.

3. Се задолжува Управата за заштита на културното наследство, по добивање на извештајот од Националната установа - Национален конзерваторски центар - Скопје да се

произнесе, дали се исполнети условите за можноста да се искористи механизмот за напуштање на недвижно културно наследство, односно друго недвижно добро во согласност со членот 77 од Законот за заштита на културното наследство, каде што е наведено дека тоа може да биде напуштено по исклучок само по целосно истражување, документирање и преземање неопходни мерки за спасување, а заради изградба на објект од јавен интерес.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје, со Предлог - одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Изјавата за основање на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје.

2. Даде Изјава за основање на Трговското друштво „Нафтовод" ДООЕЛ Скопје (пречистен текст).

**Точка 3**

1. Владата по повод укажувањето на м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии заклучи:

- Се укажува на Централниот регистар на Република Северна Македонија да го продолжи рокот за доставување на годишни сметки за 2024 година во хартиена форма до 3 март 2025 година до 24 часот.

Тарифата и другите услови за доставување на годишни сметки во хартиена форма да останат исти како до крајот на февруари 2025 година.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со усвојување на Годишниот план за имплементација на процесот на праведна транзиција за 2025 година, со Годишен план и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои Годишниот план за имплементација на процесот на праведна транзиција за 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да го објави Годишниот план за имплементација на процесот на праведна транзиција за 2025 година на својата веб - страница.

3. Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини документите на англиски јазик кои се дадени во прилог на Информацијата до 1 март 2025 година, да ги преведе на македонски јазик.



**Влада на Република Северна Македонија**
Бул. „Илинден" бр. 2, 1000 Скопје | www.vlada.mk | info@vlada.mk

4. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и труд, Министерството за транспорт, Министерството за финансии, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука, а им се препорачува на АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, АД МЕПСО и Номагас АД Скопје, кои се дел од Советот за праведна транзиција, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да доставуваат месечни и квартални извештаи за напредокот во имплементацијата на Годишниот план.

5. Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и труд, Министерството за транспорт, Министерството за финансии, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука, а им се препорачува на АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, АД МЕПСО и Номагас АД Скопје, средствата за спроведување на Годишниот план да ги предвидат во рамките на своите буџети.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за затворање на чекорите од Реформската агенда 2024-2027, со рок за реализација 28.2.2025 (31.12.2024 г.), ја усвои и го задолжи м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, веднаш да ја извести Европската комисија дека Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28.2.2025 година, го усвои Годишниот план за имплементација на процесот на праведна транзиција за 2025 година.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17 : 40 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Љупчо Димовски**